Број: 0302-171
25.05.2021 година
Велес

До
Сектор / одделение за финансии,
сметководство / ревизија

Предмет: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија – Велес, врз основа на сопствените анализи, како и потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве поканува на Online работилница на тема:

**„Утврдување на ревизорски пристап и видови ревизорски тестови“**

Работилницата ќе се одржи на 31.05.2021 година со почеток во 9.00 часот. Поради актуелната состојба со Корона вирусот Covid-19 и заштитата на здравјето, како и намалувањето на ризиците од ширењето на вирусот, работилната ќе се одржи On line, со користење на платформата ZOOM. Пожелно е учесниците да бидат регистрирани на платформата ZOOM до 8.45 часот, за што непосредно пред почетокот на секоја работилница ќе добиете корисничко име (user name) и лозинка (password). Работилницата ќе заврши во 14.00 часот.

Работилницата претставува продолжување на повеќегодишната практика и традиција за подготовка на високо стручни материјали, одржување работилници и обезбедување поддршка во областа на внатрешната ревизија во јавниот сектор.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации, искуства и зголемување на вештините. Учесниците на работилницата ќе имаат можност да разменат информации, искуства и добри практики за: фазите во ревизијата; видовите ревизорско тестирање; документирањето на резултатите од спроведените тестирања; како и подготовката на заклучоци и наоди од спроведени тестирања.

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар со долгогодишно искуство во наведените области, како и подготвените материјали за работилница и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа да веруваме дека ќе имаме плодна и успешна работилница. Покрај тоа, оставаме простор и за ваши прашања и одговори, кои ќе ги разрешат сите дилеми и ќе осигураат ваше правилно постапување.

Надоместокот за учество на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник изнесува само **2.500 денари + 18% ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје
Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје
Даночен број МК 4004997107233

Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com
Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/
За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

Извршен директор,
м-р Зоран Јанкуловски

Прилог: Агенда